# Дневна хемеротека за *04.03.2016г.*

## Утрински - *Нема крај на загадувањето на „Југохром“*

Утрински весник

### НЕМА КРАЈ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА „ЈУГОХРОМ“



Сања Наумовска

**Недозволиво е комбинатот се' уште да нема градежна дозвола за да почне со инвестирање во системот за отпрашување**

Печките на „Југохром“, по двомесечна пауза, повторно проработеа. Но и овој пат без филтри на оџаците. Само „Југохром“ има привилегија да го загадува воздухот веќе две години откако сите други компании во земјава, освен државните термоелектрани, мораше да инвестираат во зелена технологија.

Обврската за изградба на системот за отпрашување не е завршена, иако веќе неколкупати комбинатот добиваше продолжување на роковите за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола. Не доби казна што задоцни со вложувањата во нова технологија, туку само услов да го преполови производството и загадувањето на воздухот да го намали за 60 проценти. Но, тоа ниту беше мотив за компанијата да побрза со инвестициите, ниту пак го реши проблемот со загадувањето на Тетово и околината.

Како последица на работата на фабриката за феролегури, но и на сообраќајот и затоплувањето на дрва, Тетово е еден од најзагадените градови во земјата. Годишно во над 300 денови се регистрираат загадувања со честички ПМ 10, повеќе од дозволените, а во некои денови и над 1.000 микрограми на кубен метар.

Граѓаните и денеска ги чувствуваат последиците од несериозниот однос на фабриката, но и на надлежните институции. Канцерогените честички ќе ги дишат најмалку до октомври. Дотогаш „Југохром“ доби рок од Владата да може непречено да загадува.

Но, вината за труењето на жителите на Тетово и околината очигледно не е само во „Југохром“. Надлежните институции покажаа невидена лежерност и незаинтересираност за решавање на овој проблем во интерес на граѓаните. На оние кои го дишат тој воздух, но и на оние чија егзистенција зависи од работењето на комбинатот.

Проблемот со загадувачот не е ни блиску до решение. Комбинатот и до денес нема градежна дозвола без која не може да започне со поставувањето на филтрите на оџаците. Зошто е тоа така и кој дозволил работата да се пролонгира толку долго, за јавноста нема одговор.

Виновни се веројатно сите инволвирани. Министерството за животна средина необјасниво ја одолжуваше доставата на мислењето дали за системот за отпрашување треба да се изработи елаборат или студија, кое е составен дел од градежната дозвола која треба да ја издаде Министерството за транспорт и врски. А тоа, пак, не чувствува ниту најмалку потреба да ја информира јавноста до каде е постапката со издавањето на дозволата.

Тактизирањето на институциите, без разлика која причина и интерес лежат во заднината, е на штета на граѓаните. Во нивни раце се најефикасните инструменти кои можат да го принудат „Југохром" да си ги заврши обврските кои требаше да бидат готови одамна. Институциите треба да се ослободат од стегите на лични, партиски, бизнис и кои било други интереси и предност да им дадат на здравјето на луѓето и иднината на градот. Се' е во нивни раце.

## Локално - Алсат М: Филтрите на Југохром пропуштаат штетни гасови

ЛОКАЛНО.мк

### Алсат М: Филтрите на Југохром пропуштаат штетни гасови

Like 0 Tweet G+1 0 Share 0

Комбинатот „Југохром“ треба да ја прекине работата сè додека не бидат поставени филтри, оценуваат експертите по животна средина кои го коментираа повторното започнување со работа на најголемиот загадувач во Полошкиот регион. Тие го поздравија изготвувањето на проектот за поставување на филтри од страна на „Југохром“ , но сметаат дека е нецелосен бидејќи предвидува елиминација на честичките, а не и на штетните гасови, објави Алсат М.



– Јас препорачав бидејќи веќе постои иницијативата за инсталирање на филтри, „Југохром“ да прекине со работење и да не се прави нечесно пазарење на сметка на повеќе од 200.000 луѓе. Даземеме 500 или 1.000 од вработените или да не речам тоа е од интерес и за шефовите на оваа институција. Тука нема друг излез или ќе се елиминира „Југохром“ или населението постојано ќе се труе“, рече Муртезан Исмаили, експерт по животна средина.

Од општина Тетово за Алсат М не го коментираат повторното започнување со работа на комбинатот, но велат дека се подготвени да ги исполнат другите обврски, што се однесува на загадувањето на воздухот.

„Општина Тетово продолжува со овие мерки кои претходно ги изгласа Општинскиот совет. Значи сега општинските органи, како што е претпријатието за чистење и другите сектори на општината, постојано работат на тоа да се придржуваат до обврските и ингеренциите кои ги имаме како општина, чистење на улиците, системот на диви депонии. Но, исто така работиме и на создавање на локација за товарање и истоварање на отпадокот, но и на долгорочни мерки, како што е изградба на регионалната депонија во Полог“, изјави за Алсат М Хисен Џемаили, претседател на Општинскиот совет.

Загадувањето на воздухот, освен депонијата или центарот за депонирање на отпадоците во Тетово е присутно и во општина Теарце и во Брвеница. Таму како последица на поплавите од август минатата година, се формирани диви депонии со цврсти материјали. Но, главниот загадувач според проценките на експертите е комбинатот „Југохром“, па затоа и бараат итно решавање на проблемот, негово затворање сè додека не бидат поставени филтри против загадување на воздухот

## Алсат-М - Експерти: Филтрите на Југохром ги пропуштаат штетните гасови

Комбинатот „Југохром“ треба да ја прекине работата сè додека не бидат поставени филтри, оценуваат експертите по животна средина кои го коментираа повторното започнување со работа на најголемиот загадувач во Полошкиот регион

## Орбис - Југохром чека дозвола за филтрите

Југохром за половина месец очекува да добие градежна дозвола и да почне да го гради системот за отпрашување. Фабриката по два месеци пауза, пред два дена ги вклучи печките, но без филтри на оџаците

## Televisioni Koha - *Protesta para Jugohromit*

Televizioni
Koha - Maqedoni

# PROTESTA PARA JUGOHROMIT

3 February, 2016 Kryesoret, Maqedoni

Protesta para Jugohromit, por kësaj radhe jo për mbylljen e tij por për hapjen. Të punësuarit e këtij kombinati kërkojnë nga udhëheqësia që të mbaj premtimin dhe më 1 mars të hap sërish fabrikën. Protestuesit shprehen të bindur se, Jugohromi nuk është ndotësi i vetëm dhe më i madhi, ndërkohë që sugjerojnë insitiucionet përkatëse që ndotësin e vërtetë ta kërkojnë diku tjetër.
"Jugohromi nuk ndot aq sa përshkruhet edhe në këtë periudhë kohore prej një muaji Tetova edhe më tej thith ajër të ndotur. Iu apeloj atyre që ti mbajnë të dhënat e muajit Shkurt, le të matin ndotjen në muajin mars kur do filloje me punë Jugohromi dhe le të bëjnë një krahasim atëherë se jam i bindur se ndotja do jetë shumë më e vogël në mars me oxhaqet e jugohromit se sa në Janar", tha Bajram Hamiti, kryetar i sindikatës së punëtorëve.

"Eco Guerilla dhe ministri i ambientit, le të shkojnë ta kërkojnë tjetërkund ku duhet të kërkohet dhe jo këtu tek ne që na e marrin edhe bukën neve, sepse unë nga 59-ta ushqej familjen me këtë punë", u shpreh një punëtore.

"Ju apeloj krejt institucioneve që të marrin masa për ta hapur sepse ne do marrim masa më të rrepta shkaku se shumica e klasës punëtore rrinë pa punë. Ju apeloj krejt partive politike prej Tetove deri në Jazhincë mos guxojnë të vijnë të kërkojnë votën se keq do i kenë punët", tha një tjetër punëtor.

Fabrika e Jugohromit ndërpreu prodhimin më 31 dhjetor, dhe nuk do të punojë deri në fund të këtij muaji. Vendimi u miratua nga drejtuesit e metalurgjikut më të madh vend. Drejtori i Përgjithshëm Vasko Skenderovski asokohe deklaroi se vendimi është miratuar vullnetarisht si shprehje e mirëkuptimit për gjendjen me ajrin e ndotur në Tetovë. Megjithatë, Jugohrom mbetet në qëndrimin se ky kombinat nuk është ndotësi më i madh në rajon.

## Пулс24 - Грижа од сите граѓани за животната средина за почист воздух во Битола

Puls 24

# Грижа од сите граѓани за животната средина за почист воздух во Битола

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ | СЛЕДНА ВЕСТ ›

Акредитираната лабораторија која во изминатиот период вршеше мерење на квалитетот на воздухот во Битола, денеска, во Општина Битола, имаше втора презентација на добиените резултати. Од нив, може да се заклучи дека од мониторираните 14 дена, првите три дена формално не е надмината законски пропишаната максимално дозволена концентрација на ПМ 10 честичките, додека наредните 11 дена од мониторингот, концентрацијата на ПМ 10 честичките ја надминува МДК со достигнување на максимални вредности на 10-тиот и 13 тиот ден од мониторингот. Ова е карактеристична појава за зимскиот период особено на населени места над кои се издигнуваат високи планински масиви, а дополнителна причина претставуваат греењето и сообраќајот.



*Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.
Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.

„Врз основа на резултатите можеме да заклучиме дека во зимскиот период имаме надминувања на бензоалфапиренот, што е очекувано за разлика од летниот период. Зголемувањето на бензоалфапиренот се должи на согорувањето на фосилните горива од домаќинствата и сообраќајот. Зимскиот период, е период во кој се очекува не само во Битола, туку на целата Земјина топка да имаме надминување на ПМ 10 честичките. Секое надминување е алармантно, но суштината е да се најде решението за да резултатите се доведат во нормалните граници", изјави Сузана Темелкоска, управител на Еуромак контрол, друштво - акредитирана лабораторија која ги вршеше мерењата во градот Битола, а комплетната анализа беше направена во единствената акредитирана лабораторија во регионот во Црна Гора.

Според извршените анализи, најважните решенија за надминување на состојбата во моментот се однесуваат на решавање на проблемот со греењето во зимскиот период, како и намалување на сообраќајниот метеж. Општина Битола, во континуитет продолжува со реализација на веќе започнатите мерки за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух:

„Дишевме воздух каков што самите го создававме. Покрај климатските промени, греењето се покажа како најважниот фактор кој што придонесува за зголемување на ПМ 10 честичките. Ние сите години наназад преземаме низа на мерки. Покрај тоа што ги тргнавме семафорите од улиците, направивме кружни текови по улиците, сообраќајот непречено да се движи, изработуваме проект за велосипедски патеки, кој што оваа година сакаме максимално да го реализираме. Се разбира има и низа мерки кои се однесуваат на најсуштинското прашање – затоплувањето. Во договор со Владата донесена е одлука за топлификација на Битола, а јас сум сигурен дека следните неколку години тој ќе биде најзначаен проект. Изминатиот период извршивме масовно чистење на оџаците во сите јавни установи, а преку ЈП Комуналец оспособена е цистерна која во секој момент е подготвена да излезе на терен и да започне со прскање на улиците, но во согласност со посебните услови кои ги бара таквата активност, изјави градоначалникот на општина Битола, д-р Владимир Талески.

Зголемувањето на концентрациите на бензоалфапиренот кој има канцерогено дејство, претставува опомена за внимание од страна на сите нас како се однесуваме со природата. Останува препораката до сите граѓани за поголемо користење на јавниот превоз, како и внимателност со греењето и континуирана грижа за животната средина.

## OhridNews - Утре јавна расправа за дел од урбана заедница 4

OHRIDNEWS.com
информирај се

### Утре јавна расправа за дел од урбана заедница 4

Вести | Охрид | 03.03.2016 13:10 Посети : 535

Утре, 4- ти март, во малата општинска сала со почеток во 14 часот ќе се одржи јавна расправа по Нацрт извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за ДУП за УЗ 4, дел од УБ 4.7 – опфат 2, Општина Охрид, плански период 2014-2019 година.




Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќаат и по пошта на следната адреса Општина Охрид, ул. Димитар Влахов бр. 57 Охрид.

Нацрт извештајот за Стратегиска оцена за влијанието на животната средина ќе биде изложен во Одделението за заштита и влијание на животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 8 до 16 часот до 09.03.2016 год.

OhridNews